**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

---

Република Северна Македонија
Општина Велес
ИП1 бр. 17- 44
18.05.2023 год.

Градежната инспекција преку овластениот градежен инспектор Томислав Босилков со службена легитимација број 05-0003 изврши вонреден инспекциски надзор над субјект на инспекциски надзор Н.Н. со Записник бр. ИП1 бр.17-44 од 18.05.2023 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на 134 став1 алинеа 1 и член 137 став 1 и став 3 од Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр.130/09, ... и 168/2018 и „Службен весник на РСМ“ број бр. 244/19, 18/20 и 279/20), го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**1. СЕ НАРЕДУВА** на инвеститорот Н.Н. во **рок од 3 дена** од денот на приемот на Решението да го врати теренот во првобитна состојба при градба на земјени работи на јавна површина која се користи како негатегоризиран пат односно тампонирање со должина од 85м. и ширина од 3.0м.Градбата на земјени работи на јавна површина која се користи како негатегоризиран пат .односно тампонирање е поставена на КП 15743/2 КО Велес утврдено во Записник бр. ИП1 бр.17-44 од 18.05.2023.година.
.

2. Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение изнесува 3 (три) дена по приемот на решението.

3. Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка , а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4. Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

## Образложение

Градежната инспекција врз основа на член 128 став 1 и став 2 од Законот за градење, преку овластениот градежен инспектор Томислав Босилков со службена легитимација број 05-0003 изврши вонреден инспекциски надзор., со Записник . бр. ИП1 бр.17-44 од 18.05.2023 година ,во кој е констатирано: Овластениот градежен инспектор излезе на лице место на КП 15743/2 КО Велес по пријава и на посоченото место констатира дека Н.Н изведува градба на земјени работи на јавна површина која се користи како негатегоризиран пат односно тампонирање со должина од 85м. и ширина од 3.0м.Градбата на земјени работи на јавна површина која се користи како негатегоризиран пат .односно тампонирање е поставена на КП 15743/2 КО Велес без одобрение за градење издадено од соодветен надлежен орган за таков вид на објекти во Велес заведено во дневник за вршење на инспекциски надзор под реден број 304.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува да се врати теренот во првобитна состојба при градба на земјени работи што се прави без одобрение за градба согласно член 137 став 5 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130 од 28.10.2009 год.), не го одлага извршувањето на решението.

Со оглед на тоа што при инспекцискиот надзор е утврдено дека градителот ја гради градбата без одобрение за градба согласно член 134 став1 алинеа 1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130 од 28.10.2009 год.) се донесе решение како во диспозитивот.

**Врз основа на изреченото се одлучува како во диспозитивот на ова решение.**

Ако теренот не се врати во првобитна состојба во определениот рок , ќе се пристапи кон присилно административно извршување.

Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова Решение незадоволната странка има право на жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка во рок од 15 дена од приемот на ова решение.

Поднесувањето на жалбата се врши со уплата од 250,00 денари на име административни такси , на сметка 100000000063095, уплатна сметка 840-111-03182, приходна шифра 722 315 00, цел на дознака Административни такси.

Таксата се пресметува по член 37, тарифен број 2 од Законот за административни такси („Службен весник на РМ“ бр.17/93........23/16)

**Решено во Одделение за инспекциски надзор на Општина Велес, Градежна инспекција, под број ИП1 бр. 17- 44 од 18.05.2023 година**

Општина Велес
Одделение за инспекциски надзор
Овластен градежен инспектор
Томислав Босилков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС